Д. 5.5.69
2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Вторник, 29 април 1969
Скопје
Број 15 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

92.

Врз основа на член 8 став 4 од Законот за јавни патишта („Службен весник на СРМ" бр. 35/67), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК НА ОДЛУКАТА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ ОД I РЕД СО ПОМАЛА ШИРОЧИНА НА КОЛОВОЗОТ И НА ОДЛУКАТА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ЈАВНИ ПАТИШТА СО ПОМАЛА ШИРОЧИНА НА КОЛОВОЗОТ

I

Одлуката за реконструкција на пат од I ред со помала широчина на коловозот („Службен весник на СРМ" бр. 28/66) и Одлуката за реконструкција и изградба на јавни патишта со помала широчина на коловозот („Службен весник на СРМ" бр. 8/68) престануваат да важат.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 12-794/2
1 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

93.

Врз основа на член 15 во врска со член 32 од Законот за театрите и другите сценско-уметнички установи („Службен весник на СРМ" бр. 16/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТОТ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА АНСАМБЛОТ ЗА НАРОДНИ ИГРИ И ПЕСНИ „ТАНЕЦ" ВО СКОПЈЕ

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Советот на Ансамблот за народни игри и песни „Танец" во Скопје:

1. Раде Бојаџиев, член на Градскиот одбор на Културно-просветната заедница во Скопје;
2. Стојче Дојчиновски, секретар на одбор во Собранието на СРМ;
3. Томе Саздовски, асистент на Филозофскиот факултет во Скопје; и
4. Трајче Попов, филмски работник.

II. За членови на советот на Ансамблот за народни игри и песни „Танец" во Скопје, со мандат од две години, се именуваат:

1. Драги Новаковиќ, секретар на Комитетот на средбите на солидарноста во Скопје;
2. Методија Симоновски, соработник по народна музика во Радио-Скопје;
3. Петре Андреевски, писател; и
4. Олга Милосавлева, солист на Балетот при Македонскиот народен театар во Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-549/1
1 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

94.

Врз основа на член 8 од Законот за условите и начинот на кој на здравствените установи ќе им се дава надоместок за извршените здравствени услуги на странци („Службен весник на СРМ", бр. 45/68), републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика пропишува

## УПАТСТВО
## ЗА НАЧИНОТ НА ИСПЛАТАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА СТРАНЦИ

1. Надоместокот за укажаната итна медицинска помош на странец, според член 2 од Законот за условите и начинот на кој на здравствените установи ќе им се дава надоместок за извршените услуги на странци (Закон) и за здравствени услуги извршени на странци, според член 6 став 1 од Законот, се исплатува врз основа на пресметката на здравствената установа којашто содржи:

1) назив на установата што ја укажала итната медицинска помош или ја извршила здравствената услуга;

2) името и презимето на странецот, годината на раѓањето, државјанството, бројот и издавачот на патната исправа, живеалиштето односно престојувалиштето во земјата чиј е државјанин со улица и број на станот, односно престојувалиштето во СФРЈ со улица и број на станот, а за странецот кој постојано е настанет во СР Македонија и бројот на потврдата дека здравствено не е осигурен и материјално не е обезбеден и називот на органот што ја издал истата;

3) бројот на матичната книга односно на здравствениот картон, видот и обемот на извршените услуги, времето во кое услугите се извршени, цената на услугите со потребните елементи по кои се пресметува надоместокот и вкупниот износ на надоместокот;

4) констатација на здравствената установа за изјавата на странецот дека нема право на користење здравствена заштита по ниеден основ пропишан во член 1 став 2 и во член 5 од Законот за здравствена заштита на странци во Југославија.

2. Кон пресметката за исплата на надоместокот за укажаната итна медицинска помош здравствената установа прилага извештај за причините поради кои наплатата од странецот не е извршена и за мерките што биле за таа цел преземени, како и писмената изјава од член 3 став 2 од Законот, која ги содржи податоците од точ. 1 под 2) од ова упатство, односно записникот во кој ќе биде констатирано зошто не можело од странецот да се земе изјава.

3. Под здравствени услуги, во смисла на ова упатство, се подразбираат и лековите издадени по рецепти.

4. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 07-1001
15 април 1969 година
Скопје

Републички секретар
за народно здравје и социјална политика,
**Димитар Герасимовски**, с. р.

**95.**

Врз основа на член 5 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал („Службен весник на СРМ" бр. 42/68), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА УТВРДУВАЊЕ СПИСОКОТ НА РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ ОДНОСНО СТРУЧНИ СЛУЖБИ ЗА ВРШЕЊЕ СТРУЧНА КОНТРОЛА НАД ПРОИЗВОДСТВОТО НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Работни организации за стручна контрола над производството на саден материјал се:

I. — За овоштарство:

— Земјоделско-шумарскиот факултет — Катедра за лозарство и овоштарство — Скопје;

— Заводот за овоштарство на СРМ — Скопје;

— Републичкиот центар за унапредување на земјоделството — Скопје;

— Земјоделската станица — Охрид.

II. — За лозарство:

— Земјоделско-шумарскиот факултет — Катедра за лозарство и овоштарство — Скопје;

— Завод за унапредување на лозарството и винарството на СРМ — Скопје;

— Републичкиот центар за унапредување на земјоделството — Скопје.

III. — За шумарство:

— Шумарскиот институт — Скопје.

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 10-805/1
2 април 1969 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
инж. **Трајко Апостоловски**, с. р.

# *Службени објави*

## ОБЈАВА
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 9 став 3 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал, објавува дека во Регистарот на производители на саден материјал се запишани следните организации:

I — За овоштарство:

— Земјоделската станица во Охрид, рег. број 1, страна 1, книга I решение број 10-411/2 од 24. III. 1969 година;

— Земјоделското училиште „Моша Пијаде" во Тетово, рег. број 2, страна 2, книга I, решение број 10-540/2 од 24. Ш. 1969 година;

— Земјоделскиот комбинат „Преспанско Јаболко" во Ресен, рег. број 3, страна 3, книга I, решение број 10-568/2 од 24. III. 1969 година;

— Земјоделската задруга „Планица" во Кратово, рег. број 4, страна 4, книга I, решение број 10-583/2 од 24. III. 1969 година;

— Училишниот центар за стручно образование на земјоделски кадри „Јосиф Јосифовски—Свештарот" во Ресен, рег. број 5, страна, 5, книга I, решение број 10-623/2 од 28. Ш. 1969 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Скопско Поле" во Скопје, рег. број 6, страна 6, книга I, решение број 10-677/2 од 28. III. 1969 година;

— Заводот за овоштарство на СРМ во Скопје, рег. број 7, страна 7, книга I, решение број 10-703 од 28. III. 1969 година;

— Агро-комбинатот „Малешевска Слива" во Берово, рег. број 8, страна 8, книга I, решение број 10-4/2 од 7. IV. 1969 година;

— Овошниот расадник „Цветан Димов" во Скопје, рег. број 9, страна 9, книга I, решение број 10-2/2 од 7. IV. 1969 година.

II — За лозарство:

— Земјоделскиот комбинат „Повардарје" во Неготино, рег. број 1, страна 1, книга II, решение број 10-357/2 од 28. III. 1969 година;

— Земјоделско-индустрискиот комбинат „Црвена Звезда" во Штип, рег. број 2, страна 2, книга II, решение број 10-402/3 од 28. III. 1969 година;

— Земјоделскиот комбинат Куманово во Куманово, рег. број 3, страна 3, книга II, решение број 10-511/2 од 28. III. 1969 година;

— Заводот за унапредување на лозарството и винарството на СРМ во Скопје, рег. број 4, страна 4, книга II, решение број 10-514/2 од 28. III. 1969 година;

— Земјоделското училиште „Моша Пијаде" во Тетово, рег. број 5. страна 5, книга II, решение број 10-540/3 од 28. III. 1969 година;

— Лозаро-винарското претпријатие „Тиквеш" во Кавадарци, рег. број 6, страна 6, книга II, решение број 10-562/2 од 28. III. 1969 година;

III — За шумарство:

— Шумското стопанство „Караџица" — Скопје, рег. број 1, страна 1, книга III, решение број 10-778 од 7. IV. 1969 година;

— Шумско-индустрискиот комбинат „Осогово" — Кр. Паланка, рег. број 2, страна 2, книга III, решение број 10-500 од 7. IV. 1969 година;

— Шумско-индустриското претпријатие „Преспа "во Ресен, рег. број 3, страна 3, книга III, решение број 10-486 од 7. IV. 1969 година;

— Шумско-индустрискиот комбинат „Страшо Пинџур" во Кавадарци, рег. број 4, страна 4, книга III, решение број 09-1/1 од 7. IV. 1969 година.

### ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 10 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека во Регистарот на производители на семе се запишани следните организации:

— Републичкиот центар за унапредување на земјоделството — Скопје, за производство на семе од пченица, останати стрмни жита, памук и други индустриски и градинарски култури. Рег. број 46 страна 46, книга I, решение број 10-542/2 од 24. III. 1969 година.

### ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОБЈАВАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ДОРАБОТУВАЧИ НА СЕМЕ

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во смисла на член 10 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат и доработуваат семе, објавува дека во Регистарот на доработувачи на семе се запишани следните организации:

— Деловното здружение „Југопамук" во Струмица, за доработка на семе од житни култури, рег. број 6, страна 6, книга I, решение број 10-376/2 од 24. III. 1969 година.

— Деловното здружение „Југопамук" — Струмица — Сервис за памук во Неготино, за доработка на семе од житни култури и памук, рег. број 37, страна 37, книга I, решение број 10-376/3 од 24. III. 1969 година.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД СКОПЈЕ

При Окружниот суд во Скопје тужителката Калач Фетија, по татко Дациќ, од Скопје, ул. 140 бр. 7, поднесе тужба за развод на брак против тужениот Калач Мустафа, порано од Скопје, а сега во Турција, со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Калач Мустафа во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас да ја соопшти на судот својата точна адреса или да се јави лично на судот. Во противен случај ќе му се одреди старател за посебен случај кој ќе го застапува во оваа парница.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 236/69. (28)

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I

Општинскиот суд Скопје I, ги известува сите заинтересирани физички и правни лица дека во спорот, заведен по тужбата на тужителот Кузмановски Саво, од Скопје, „Канал Треска" — преку пруга бр. 4, против тужениот Јусуфов Алиев Исљам, од с. Нерези, сега во Турција, со непознато место на живеење, за утврдување право на сопственост и право на користење на недвижен имот, заведен при овој суд под П. бр. 1068/69, му го одредува на тужениот за привремен застапник лицето Петар Сердјук, адвокат од Скопје, така што привремениот застапник ќе го застапува тужениот во постапката сè додека тужениот или неговиот застапник не се појави пред судот, односно органот на старателството не го извести судот дека му поставил старател.

Од Општинскиот суд Скопје I, П. бр. 1068/69. (23)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Павловски Тодоров Борис од Прилеп, ул. „Пиринска" бр. 17, поднесе до овој суд тужба за развод на бракот против Брајаноска Стојанова Кита, по маж Павловска, родена во село Зрзе, Прилепско, а сега во Западна Германија со непозната адреса. Бидејќи тужената е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ", да се јави или да одреди свој застапник. Во противен случај ќе ѝ биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 89/69. (22)

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 4. X. 1968 година, страна 184, реден број 1, е запишано основање на Работнички универзитет, со седиште во Пробиштип.

Предметот на дејноста е образование и воспитување.

За директор на установата е именуван Ѓорѓи Топуков.

Второ овластено лице за потпишување на установата е Роска Величковска.

Впишувањето на установата е извршено во регистарот, врз основа решението бр. 01—1331/1 од 9. VII. 1968 година на Собранието на општината Пробиштип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 34/68. (115)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 16. IX. 1968 година, страна 183, реден број 1, е запишано основање на Дом на културата „Бели мугри", со седиште во Кочани, постанат по пат на издвојување од Работничкиот универзитет — Кочани.

Установата ќе ги обавува следните дејности:

— Ќе создава услови и ќе ги развива сите видови самодејно (аматерско) и професионално уметничко творење.

— Стручно ќе им помага на сите самодејности (аматерски), уметнички активности во населените места, работните организации и училиштата, а преку својата програма и сали, да обезбеди нивна консумација.

— Преку формирање клубови и негување други форми да создаде услови за сите граѓани според своите околности и интересирања да добијат можности за творечка афирмација.

— Преку политиката на стипендирање и сопствено изградување стручни кадри, да создава услови за израснување на одделни гранки на уметноста во самостојни аматерски и професионални институции.

— Консумацијата на сопствената продукција и гостувањата да ги обезбеди како во седиштето на Домот, така и во сите други населени места во општината, каде постојат за тоа услови.

— Да формира толку и такви сектори преку кои ќе ги опфати сите видови на уметничкото творење, сукцесивно како што ќе се создаваат услови.

— Со стручниот кадар со кој ќе располага Домот на културата треба да обезбеди подготвување на програми во аматерски друштва што би ги имало во работните организации, училиштата и населените места. Оваа стручна помош ќе биде од обостран интерес: за аматерските друштва кои ќе добиваат помош од стручни лица од разни области за подигнување квалитетот на својата активност во Домот, што веќе квалитетно подготвените програми на аматерите ќе може да им обезбеди настап и во својата програма и што овие друштва ќе му бидат главен извор на аматерите кои ќе работат во неговите секции и групи.

За в. д. директор е именуван Борис Николов Стојчев.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 02—305 од 15. VII. 1968 година на работничкиот универзитет „Ленин“ — Кочани и решението бр. 01—5568/1 од 19. VII. 1968 година на Собранието на општината Кочани.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 19/68. (116)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 22. X. 1968 година, страна 185, реден број 1, е запишано основање на Фитозаштитна станица, со седиште во Радовиш.

Установата ќе обавува: пратење на климатските промени со устројување на антиперно-спорна, антикарпокатска и антифузикладиска прогнозна служба; заштита на културните растенија од подрачјето на Општината Радовиш; заштита на шумските состојби од болести и штетници.

В. д. директор на установата е Трајко Ѓоргиев Кикиреков.

Впишувањето на установата е извршено во регистарот, врз основа решението бр. 01—2354/1 од 30. IX. 1968 година на Собранието на општината Радовиш и решението бр. 05—2460 од 9. X. 1968 година на Санитарната инспекција на Собранието на општината Радовиш.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 33/68. (117)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите на 11. VII. 1968 година, на страна 181, реден број 1 е запишано основање на Основна заедница за образование, со седиште во Радовиш.

Основната заедница за образование ќе ги обавува следните дејности:

— донесување статут и други општи акти на Заедницата;

— ќе се грижи за образованието и воспитувањето на нејзиното подрачје да се остварува во склад со општествените цели на образованието и воспитувањето;

— со својата работа ќе придонесува за непосредно поврзување на институциите за образование што ги финансира за потребите на стопанството и општествените служби;

— утврдува програма на образовно-воспитните дејности што ги финансира од средствата со кои управува;

— утврдува финансиски план и завршна сметка на Заедницата;

— утврдува критериуми и мерила за валоризација на образовно-воспитните дејности во склад со пропишаните нормативи и општите прописи за установите;

— ги следи, во склад со општиот развиток, потребите за одделни видови кадри и во рамките на општествените планови го насочува и го помага развитокот на мрежата на образовно-воспитните установи на своето подрачје;

— ја следи и ја проучува положбата и потребите од наставничките кадри на образовно-воспитните установи што ги финансира и по пат на кредит и стипендии придонесува за задоволување на потребите од тие кадри, како и за стручното усовршување на наставниците;

— дава мислења и предлози за основање и преземање на установи за образование и воспитување, чија дејност се финансира од средствата на Заедницата;

— во соработка со просветно-педагошката служба и институциите за образование и воспитување, здруженијата на наставниците и другите стручни организации, го анализира квалитетот на наставно-воспитната работа на своето подрачје и презема и предлага соодветни мерки за нејзиното подобрување;

— придонесува за поврзување на институциите за образование и воспитување со останатите работни организации, со цел да се обезбеди соработка за извршување на одделни делови на образовно-воспитниот процес (остварување на практичната обука, феријалната практика, остварување програмата на производната работа и др.).

Овластени лица за потпишување на основната Заедница се: Ристо Бозаџиев, претседател, и Бранко Стојанов, чии потписи ќе важат поединечно.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа потврдата бр. 03—1263 од 29. V. 1968 година на Комисијата за преглед на статутите при Собранието на општината Радовиш и одлуката на основачкото собрание, кое го сочинуваат:

1. Гимназија „Коста Сусинов“ — Радовиш.
2. Детско забавиште „Ацо Караманов“ — Радовиш.
3. Работнички универзитет „Киро Донев“ — Радовиш.
4. Основно училиште „Моша Пијаде“ — Радовиш.
5. Основно училиште „Гоце Делчев“ — с. Подареш.
6. Основно училиште „Орце Николов“ — с. Ињево.
7. Основно училиште „Гоце Делчев“ — с. Конче.
8. Претпријатие за обработка на тутун „Јака“ — Радовиш.
9. ШИК „Плачковица“ — Радовиш.
10. „Техноградба“ — Радовиш
11. Фабрика „Декортекс“ — Радовиш.
12. Земјоделска задруга „Димитар Влахов“ — с. Подареш.
13. Општински одбор на ССРНМ.
14. Општински синдикален совет — Радовиш.
15. Општински комитет на СКМ — Радовиш.
16. Рудник „Дамјан“ — Радовиш.
17. ЗИК Радовиш, на Собранието на општината Радовиш бр. 01—1080 од 28. IV. 1967 година и решението на Собранието на општината Радовиш бр. 01—3 од 6. I. 1968 година за избор на претседател на основната заедница.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 14/68. (118)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека регистарот на установите на 20. X. 1968 година, страна 184, реден број 1, е запишано основање на Комбинирана детска установа „Детска радост“, со седиште во Струмица.

Установата ќе ги обавува следните дејности: обезбедување дневен престој на деца од 3 месеци до 7-годишна возраст; во согласност со психофизичкиот развиток на децата од 3 месеци до седумгодишна возраст обезбедува сместување, соодветна прехрана, одгледување, медицинска нега и воспитување; во согласност со психофизичкиот развиток и можностите на децата од три до седумгодишна возраст да им организира културна забава, игра и заеднички живот и со тоа да создаде основа за натамошно правилно физичко, умно, морално и естетско воспитување; да им помага на родителите во згрижувањето, воспитувањето и одгледувањето на децата и да се грижи за нивното здравје и правилен телесен развиток; да соработува и да им помага на родителите во применувањето начелата и методите на воспитувањето и здравственото одгледување на децата; да ги поттикнува и да ги подига, во средината во која делува другите форми за собирање и воспитување и во тоа да соработува со општествените организации што се грижат за воспитувањето на децата.

Управник на установата е Ѓорѓи Митев, кој е овластен да ја потпишува истата.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа решението бр 02—2099/1 од 9. V. 1968 година, на Собранието на општината — Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 27/68. (119)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 27. IX. 1968 година, страна 184, реден број 1, е запишано основање на Центар за социјална работа, со седиште во Штип.

Установата ќе ги обавува следните дејности: откривање, следење и анализирање на проблемите од областа на социјалната заштита; доделување на социјална помош на социјално загрозените лица; згрижување на деца без родители и воспитно запуштени деца; згрижување на старци и изнемоштени лица; води евиденција за децата со психофизички недостатоци; врши работа на старателски орган и други работи од управен и друг карактер од областа на социјалната заштита што со закон и други прописи ќе му бидат ставени во надлежност.

Директор на установата е Стојан Николов, кој е овластен да ја претставува и потпишува истата.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа решението бр. 0201—2742/1 од 17. VI. 1968 година, на Собранието на општината Штип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 23/68. (121)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 6/68 на 18. XII. 1968 година е запишано под име: Основна заедница за образованието, со седиште во Битола. Предмет на работењето на Заедницата е: да се грижи за обезбедување на средства за вршење на дејностите на образованието и воспитувањето; да управува со средствата за образование што ѝ припаѓаат; определува критериуми и мерила за распределбата на средствата за образование и врши распределба на тие средства по одделни образовни дејности; соработува со други заедници на образованието; дава мислење за основање нови установи за образование и воспитување чија дејност ќе се финансира од средствата на Заедницата на образованието; соработува со општествено-политички заедници и работни организации во донесување на плановите и програмите за развитокот на образованието и воспитувањето, во утврдување потребите од стручни кадри и во други прашања од значење за развитокот на образованието и воспитувањето; врши и други работи определени со Закон и Статут на Заедницата на образованието.

Претседател на Заедницата е Дојчин Апчевски.

Заедницата е основана од основните училишта: „Крсте Мисирков" с. Бистрица, „Мирче Ацев" с. Бач, „Иван Г. Ковачиќ" с. Дедебалци, „Коста Рацин" с. Ивањевци, „Кирил и Методи" с. Кукуречани, „Сл. Лумбарковски" с. Новаци, „Кирил и Методи" с. Цапари, „Иво Лола Рибар" с. Маково, „Коста Рацин" с. Велушина, „Браќа Миладиновци" с. Добрушево, „Гоце Делчев" — Битола, „Даме Груев" — Битола, „Стив Наумов" — Битола, „Коле Канински" — Битола, „Тодор Ангелевски" — Битола, „Д-р Трифун Пановски" — Битола, „Никола Тесла" — Битола, „Кирил и Методи" — Битола, Основно специјално училиште — Битола, Гимназија „Јосип Броз Тито" — Битола, Гимназија „Браќа Миладиновци" — Битола, Земјоделско училиште „Борис Кидрич" — Битола, Економско училиште „Јане Сандански" — Битола, Електромашински училишен центар — Битола, Медицинско училиште — Битола, Музичко училиште — Битола, Училиште за ученици во стопанството — Битола, Установа за претшколско воспитување — Битола, Работнички универзитет „Крсте Мисирков" — Битола, Дом за средношколска машка и женска младина — Битола, „Металец", Битола, фабрика „Ѓорги Наумов", Битола, Фабрика за свилени платна „Илинден" — Битола, Текстилна индустрија „Пелистер" — Битола, Волнарски комбинат „Битолатекс" — Битола, Фабрика „Борис Кидрич" — Битола, „Жито Македонија" — Скопје — Филијала — Битола, ЗИК „Пелагонија" — Битола, Претпријатие за обработка и производство на тутун — Битола, Градежно претпријатие „Бетон" — Скопје — Градилиште — Битола, Претпријатие „Транскоп" — Скопје — Погон — Битола, Претпријатие за транспорт — Битола, Трговско претпријатие „Задругар" — Битола, Трговско претпријатие „Нова трговија" — Битола, Угостителско претпријатие „Македонија" — Битола, Трговско претпријатие „Прехрана" — Битола, „Гоце Радосављевиќ" — Битола, „Механика" — Битола, „Електромакедонија" — Скопје — погон — Битола, Центар за унапредување на земјоделието — Битола, Медицински центар — Битола, Осигурителен завод — Битола, Завод за запослување — Битола, Народен театар — Битола, Матична библиотека „Климент Охридски" — Битола, Комерцијално-инвестициона банка — Битола, Ветеринарно-сточарски центар — Битола, Општински одбор на црвен крст — Битола, Сојуз на здруженијата на борачките организации — Битола, Општинска конференција на ССРНМ — Битола, Општинска конференција на Сојузот на младината — Битола, Општински синдикален совет — Битола и Општината Битола, со одлуката бр. 1 од 31. V. 1967 година од основачкото собрание.

Потпишувањето ќе го вршат Дојчин Апческн, претседател, и Ѓорѓи Лубуровски, секретар.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 46/68. (296)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12. XI. 1968 година, рег. бр. 48/68, книга I, е запишана под фирма: Продавница во село Лажец на Погонот за кооперација од с. Лажец на Земјоделскиот институт во Скопје. Предмет на работењето на продавницата е вршење трговска дејност со колонијални стоки и стоки за куќни потреби.

Раководител на продавницата е Митревски Злате.

Продавницата е основана од Земјоделскиот институт — Скопје, со одлуката бр. 08-1778/1 од 26. IX. 1968 година на работничкиот совет и потврдата бр. 08-4952/1 од 26. VI. 1968 година на Одделението за стопанство и планирање на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува, истото лице што го потпишува и погонот за кооперација во село Лажец.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 523/68. (78)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 21. III. 1968 година, страна 326, реден број 1, е запишано основање на Продавница, со седиште во Штип, ул. „Младинска" бр. 3.

Продавницата ќе врши продажба на намештај, јоргани, душеци и конфекција.

Продавницата е основана од Производното услужно претпријатие „Тапетар" од Титов Велес.

Раководител на продавницата е Петре Петров, кој не е овластен да ја потпишува. Потпишувањето ќе го обавуваат овластените лица на матичното претпријатие.

Впишувањето на продавницата е извршено во регистарот врз основа на одлуката бр. 910 од 1. VI. 1967 година на работничкиот совет на претпријатието и решението бр. 08-7016 од 4. I. 1968 година на Одделението за урбанизам и комунално-станбени прашања на Собранието на општината Штип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 40/68. (1646)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 3. I. 1968 година, страна 304, реден број 1, е запишано основање на Транспортно претпријатие „8 ноември", со седиште во Штип. Претпријатието ќе врши: јавен превоз на стоки и патници во слободниот патен сообраќај; вршење услуги во својата механичка работилница за своите моторни возила;

За в. д. директор е именуван Александар Богоев.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката на основачкото собрание, кое го сочинуваат група граѓани: Ацо Богоев, Драги Костадинов, Часлав Јовев, Ванчо Костадинов, Коце Зенделов, Никола Берков, Сане Гапев, Лазар Герасимов, Лазар Јанков и Стево Андонов.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 6/68. (1647)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 355, страна 219, книга II, е запишано под фирма: Осигурителен завод — Нови Сад — Застапништво во Гостивар, улица „Борче Јовановски" бр. 16. Предмет на работењето на застапништвото е: спроведување на сите видови осигурувања на имот, транспорт и лица, освен осигурувањата кои ги спроведува заводот за социјално осигурување.

Застапништвото е основано од работничкиот совет на Осигурителниот завод — Нови Сад, со одлука од одржаната седница на 10. X. 1968 година.

Застапништвото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Ињовски Петар, в. д. раководител на застапништвото, кој ќе врши заклучување на осигурување и ги потпишува сите документи од делокругот на застапништвото.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1179 од 23. XII. 1968 година. (12)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1107, страна 567, книга V, е запишана под фирма: Универзалинвест — трговско претпријатие на големо и мало — Скопје — Продавница во Гостивар, ул. „Живко Брајковски" бр. 2. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијални и други прехранбени стоки.

Продавницата е основана од работничкиот совет на „Универзалинвест" — трговско претпријатие на големо и мало — Скопје, со заклучок од одржаната седница на 15. V. 1968 година.

Раководител на продавницата е Веселин Јовановски.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 932 од 12. XII. 1968 година. (13)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 4, страна 19, книга II, е запишан под фирма: Земјоделски комбинат „Куманово" — Куманово — Угостителски дуќан — гостилница број 21. Предмет на работењето на угостителскиот дуќан е: точење на алкохолни и безалкохолни пијалоци, готвење на топли и ладни јадења и производи од скара.

Угостителскиот дуќан е основан од работничкиот совет на Земјоделскиот комбинат „Куманово" — Куманово, со одлука бр. 0201—869/1 од 26. II. 1968 година.

Раководител на угостителскиот дуќан е Арсовски Марков Стојман.

Угостителскиот дуќан — гостилницата број 21 во Куманово ќе го потпишува, задолжува и раздолжува комбинатот, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 425 од 27. XII. 1968 година. (16)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 31, е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо „Ангроснабдител" — Куманово — Продавница број 7 — самопослуга во Куманово, ул. „11 октомври". Предмет на работењето на продавницата е продажба на индустриско-прехранбени производи, прехранбени артикли, млечни, месни и сувомесни производи и предмети за куќни потреби.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо „Ангроснабдител" — Куманово, со одлука од одржаната седница на 18. X. 1967 година.

Раководител на продавницата е Станковски Бранко и Младеновски Борко.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 168 од 26. VIII. 1968 година.

(20)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 31, страна 137, книга II, е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо „Ангроснабдител" — Куманово — Продавница број 6 во Куманово (во кругот на општината). Предмет на работењето на продавницата е продажба на месо и месни производи.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо „Ангроснабдител" — Куманово, со одлуката број 02—507 од 7. II. 1968 година.

Раководител на продавницата е Јаворовиќ Слободан.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 169 од 26. VIII. 1968 година. (21)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 666, страна 451, книга V, е запишана под фирма: „Газела" — индустрија за чевли и гумени производи — Скопје. Продавница во Кавадарци, ул. „Ѓуро Ѓаксвиќ" бр. 23. Предмет на работењето на продавницата е продажба на чевли, прибор за чевли, чорапи и гумени производи.

Продавницата е основана од „Газела" — индустрија за чевли и гумени производи — Скопје, со решението број 0301/22 од 4. III. 1968 година.

Раководител на продавницата е Клинчарева Цвета.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Самостојниот погон — трговска мрежа во Скопје, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 263 од 27. XII. 1968 година. (23)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 908, страна 289, книга IV, е запишано под фирма: Деловно здружение „Градба — проект" — Скопје — Студио за програмирање и проектирање „Студио-проект" — Скопје. Предмет на работењето на студиото е: вршење инвестиционо програмирање и проектирање; организационо и развојно програмирање и проектирање; студиско-истражувачки работи и изработува анализи, студии, технолошки лаборати и друга стручно-техничка документација; просторно, регионално и урбанистичко планирање и проектирање; проектански работи и работи по проектански (инвеститорски) и инвестиционен инженеринг; купување и продавање на стручно-техничка и технолошка документација, лиценца и патенти.

Студиото е основано од управниот одбор на Деловното здружение „Градба — проект“ — Скопје, со одлуката бр. 164/3 од 18. IV. 1968 година.

Студиото за програмирање ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Никола Воденичарски, директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1028 од 31. XII. 1968 година. (32)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1263, страна 1665 книга VI, е запишано под фирма: Индустрија за селскостопански, градежни, рударски машини и метални конструкции „14 октобар“ — Крушевац — Претставништво во Скопје, булевар „ЈНА“ бр. 66. Предмет на работењето на претставништвото е: продажба на машини и други готови производи на Индустријата „14 октобар“; продажба на разни делови за одржување на машините; сервисно одржување на машини на определено подрачје; набавка на репроматеријали за потребите на индустријата; во заедница со стручните служби на индустријата контактира со крајните корисници во поглед на обработката на теренот; контактира со банките за обезбедување на средства, ги решава сите други проблеми на индустријата, кои се сврзани со дотичното подрачје.

Претставништвото е основано од работничкиот совет на Индустријата „14 октобар“ — Крушевац, со одлуката бр. 14—257 од 24. III. 1967 година.

Претставништвото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Измирлиев Јордана Кирил, шеф на претставништвото, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 905 од 8. X. 1968 година. (33)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1262, страна 1601, книга V, е запишано под фирма: „Космос“ — Љубљана — Претставништво во Скопје, улица „Народен фронт“ бр. 23/I. Предмет на работењето на претставништвото е: изведување работи во врска со подготвувањето за склучување на договори (претходна работа) и склучување на договори за купопродажба на стока во име и за сметка на претпријатието „Космос“ — Љубљана.

Претставништвото е основано од работничкиот совет на „Космос“ — Љубљана, со одлука од одржаната седница на 29. X. 1968 година.

Раководител на претставништвото е Крагујевиќ инженер Славко.

Претставништвото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето, а раководителот е овластен да потпишува само во рамките на работењето на претставништвото.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1171 од 11. XII. 1968 година. (34)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 94, страна 919, книга V, е запишана под фирма: Трговско угостителско претпријатие на големо и мало „Снежана“ — Ѓорче Петров — Продавница во село Копаница, Скопско. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на разни колонијални стоки од широка потрошувачка.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговско угостителско претпријатие на големо и мало „Снежана“ — Ѓорче Петров, со одлуката број 169 од 27 IV. 1968 година.

Раководител на продавницата е Махмуди Рамадан Рифат.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 570 од 29. VIII. 1968 година. (35)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1267, страна 1623, книга V, е запишана под фирма: Дрвно-индустриско претпријатие „Дежева“ — Нови Пазар — Продавница во Ѓорче Петров, ул. „Маршал Тито“ бр. 82. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало и тоа собни и кујнски намештај, канцелариски материјал, линолеум, теписи и мебел-штофови.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Дрвно-индустриското претпријатие „Дежева“ — Нови Пазар, согласно со решението 09/1 број 3855 од 27. II. 1967 год. на Собранието на општината Идадија — Скопје.

Раководител на продавницата е Георгиевска Милица — Даница.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 308 од 31. XII. 1968 година. (36)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1266, страна 1619, книга V, е запишано под фирма: „Европа“ — претпријатие за производство и промет на големо и мало — Штип — Стовариште во Скопје, ул. „Цетинска“ бр. 19. Предмет на работењето на стовариштето е ускладиштување на прехранбени артикли и тоа: вафли, чоколади и други производи од шеќер и какао.

Стовариштето е основано од работничкиот совет на „Европа“ — претпријатие за производство и промет на големо и мало — Штип, со одлука број 01-71/1—68 од 9. V. 1968 година.

Раководител на стовариштето е Михајловски Коста.

Стовариштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 444 од 6. XI. 1968 година. (37)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1268, страна 1627, книга V, е запишана под фирма: Издавачко-печатарско претпријатие „Савремена администрација“ — Белград — Работна единица број 21 во Скопје, ул. „Луј Пастер“ број 7. Предмет на работењето на работната единица е: продажба на мало и големо на сопствени и туѓи изданија, обрасци, работни книги, стручна литература, канцелариски материјали, школски прибор, графички услуги и сл.

Работната единица е основана од работничкиот совет на Издавачкото-печатарско претпријатие „Савремена администрација“ — Белград, со одлука од одржаната седница на 19. I. 1968 година.

Работната единица број 21 во Скопје ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Кежаровски Г. Томе, в. д. раководител, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 216 од 16. VIII. 1968 година. (38)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1264, страна 1609, книга V, е запишана под фирма: Ѕидаро-фасадерска задруга „Победа“ — Скопје, ул. „710“ бр. 1. Предмет на работењето на задругата е ѕидаро-фасадерска дејност.

Задругата е основана од основачите — група граѓани, на основачкото собрание, одржано на 17. X. 1968 година и тоа: Стојменов Стојмен, Ѓорѓиев Бранко, Арсовски Велимир, Димитров Димитар, Маневски Димитрија, Димитров Петар, Трајковски Владо, Сурловски Благоја, Ангелова Љубица и Младеновиќ Боривоје.

Задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува Ангелова А. Љубица, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Ѕидаро-фасадерската задруга „Победа" — Скопје е конституирана на 17. X. 1968 година. Претседател на работната заедница е Ѓуревски Станимир.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1185 од 26. XII. 1968 година. (39)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 1265, страна 1613, книга V, е запишан под фирма: Индустриско-селскостопански комбинат — Сараево — Пословница во Скопје, ул. „256" бр. 24, Предмет на работењето на пословницата е:

а) продажба на готови прехранбени производи на комбинатот и тоа: месо и месни преработки, млеко, млечни преработки и млечни пијалоци, сладолед;

б) продажба на доработени или преработени производи на комбинатот и тоа: пилиња на рогштиљ, разни специјалитети на роштиљ (колбаси, плескавици, кебапчиња, ражничи, стока и др.), печен оместо (прасетина, јагнешко и др.), разни готови и полуготови јадења, ладен нарезок (сендвичи и др.);

ц) купопродажба на производи со кои се дополнува асортиманот на производите на комбинатот — леб и печиво, посластици и деликатесни производи, овошни сокови, пиво и други освежителни студени и топли пијалоци, минерална вода, месни конзерви, конзервирано овошје и зеленчук, алкохолни пијалоци, производи на база на шеќер и какао, прехр. артикли и останати прехранбени производи;

д) купопродажба на производите наведени под а и б од други производители во случај кога недостасуваат тие производи од сопствено производство.

Пословницата во Скопје врши и заедничко купување и продажба на производи од оние работни организации со кои комбинатот склучил договор за работна техничка соработка, на мало и големо, сама или преку продавници, складишта (стоваришта) и депоа на комбинатот.

Пословницата е основана од работничкиот совет на Индустриско-селскостопанскиот комбинат — Сараево, со одлуката бр. 685 од 27. V. 1968 година.

Раководител на пословницата е Радиновиќ Радивој.

Пословницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1191 од 25. XII. 1968 година. (40)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 205, страна 403, книга V, е запишана под фирма: Трговска работна организација на мало и големо „Овче Поле" — Скопје — Продавница број 49 во Скопје населба „Карпош III". Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијални и прехранбени стоки.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговската работна организација на мало и големо „Овче Поле" — Скопје, со одлука од одржаната седница на 15. V. 1967 година.

Раководител на продавницата е Спасе Јадиковски.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 195 од 19. XII. 1968 година. (41)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 205, страна 403, книга V, е запишана под фирма: Трговска работна организација на мало и големо „Овче Поле" — Скопје — Современа продавница „Супер Маркет" — Скопје, ул. „468" бб. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на текстилна, галантерија и позамантерија, акустични и термички апарати за домаќинството и електрогалантерија, железарска галантерија, козметички производи, стакло и порцелан и самопослужна продавница за прехранбени артикли.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Трговската работна организација „Овче Поле" — Скопје, со одлуката од одржаната седница на 5. V. 1968 година.

Раководител на продавницата е Митко Тумбовски.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1201 од 13. XII. 1968 година. (42)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 533, страна 47, книга III, е запишано под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало „Крсте Димов", со седиште во Титов Велес. Предмет на работењето на претпријатието е: промет со сите видови земјоделски производи и земјоделско-индустриски производи, на големо и мало; сите видови растенија и лековити растенија; сите видови сточна храна, сточни производи, жива стока, живина и производи од живинарството; сите видови репроматеријали за земјоделството, вештачки ѓубрива, заштитни средства за растенијата, сите видови семенски материјали и сè друго од оваа гранка; сите видови нова и половна опрема за земјоделството, механизацијата и сите приклучни машини, како и сите видови опрема и механизација за сите гранки во стопанството, установите, општествено-политичките организации и другите институции; сите видови индустриски стоки и производи и репроматеријали за индустријата; сите видови моторни возила и резервни делови; сите видови гумопластични производи; сите видови прехранбено-индустриски производи; сите видови галантериски и позамантериски производи и стоки, како и посредување.

Претпријатието е основано од Земјоделската задруга „Крсте Димов" од село Извор — Титоввелешко, со одлуката бр. 494 од 28. X. 1968 година на задружниот совет.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува инж. Круме Чушков, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Трговското претпријатие на големо и мало „Крсте Димов" — Титов Велес е конституирано на 8. X. 1968 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1125 од 9. XII. 1968 година. (59)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 132, страна 361 е запишано следното: Досегашниот потписник на Сервисот за градежни материјали „Караорман" — Скопје, Гударовски Крсте, шеф на сметководството, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За нови потписници на Сервисот за градежни материјали „Караорман" — Скопје се назначени следните лица: Трајчев Јован, шеф на пословницата и Градишка Спаса, книговодител кои сервисот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, со старите регистрирани потписници и тоа: Стевче Димовски, директор, Ругале Виктор, директор на производно-сметководниот сектор, Вукашин Димковски, шеф на пословницата, Јордан Петровиќ, прв заменик директор, и Зафировски Светозар, сметано од 19. IX. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1013 од 4. XII. 1968 година. (54)

---

